# АВТОМОБИЛИСТИЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## АВТО И КАРТИНГ СПОРТ

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ ВО АВТО КАРТИНГ СПОРТ

***СКОПЈЕ , 2021***

Врз основа на член 1 став 2 и член 78 и 79 од Правилникот за картинг спорт на Автомобилистичката федерација на Македонија, Одборот за авто спорт АФМ, на својата седница одржана на 14. 12. 2020 година донесе:

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со посебниот правилник за дисциплинска и материјалната одговорност во авто и картинг спортот се одредуваат дисциплински престапи, дисциплински органи за водење на дисциплинска постапка, начин и рокови за поднесување на барање за повредување на дисциплинска постапка, лица овластени за поднесување на барања, видови на дисциплински мерки и трошоци за дисциплинската постапка.

### Член 2

Дисциплински престапи се повреди на одредбите на Правилникот за авто и картинг спорт на АФМ, посебни правилници, додатоци на правилници, правилникот за натпреварувачи и Деловникот со кои се регулира работата на органите на АФМ, комисиите и делегатите на натпревари во авто и картинг спортот во АФМ.

### Член 3

Организатори на натпревари и други правни лица подлежат на дисциплинска одговорност ако до извршување на дисциплинскиот престап дошло при работа или пропуст за задолжителен надзор од страна на органите на раководството или одговорни лица, или дејствија (работа) на други лица кои биле овластени да постапуваат во име на правното лице.

Одговорноста на правното лице не ја исклучува одговорноста на одговорното лице.

### Член 4

Никој не може да биде казнет, пред да биде сослушан, освен ако без оправдани причини не се јави на поканата за сослушување.

Се смета дека некој е сослушан ако на покана од надлежниот дисциплински орган достави своја изјава во бараниот рок. Недостасување на изјава во бараниот рок ќе се третира како од одбрана со молчење.

### Член 5

Кривичната одговорност, односно одговорноста за престап (прекршок) не ја исклучува дисциплинската одговорност.

### Член 6

Обидот се казнува поблаго отколку сторениот престап.

### Член 7

Лице кое друго лице потикнува или помага за извршување на престап (прекршок), се казнува како престапот сам да го извршил.

### Член 8

По изминување на 12 месеци од извршениот престап (прекршок) не може да се покрене дисциплинска постапка, ниту да се води по истекот на 18 месеци од денот на извршениот престап.

### Член 9

Ако извршителот на дисциплински престап кој е казнет, во рок од 2 години по престанокот на казната не направи нов престап, ќе се смета како да не бил казнет.

## II. ДИСЦИПЛИНСКИ ОРГАНИ

### Член 10

Дисциплинските органи за автои картиг спорт се: дисциплински судија за автомобилски спорови, дисциплински судија за картинг спорови, како првостепени органи и Дисциплинската комисија за авто картинг спорт - како второстепен орган, чија одлука е конечна.

### Член 11

Одлука за бројот на дисциплински судии и нивното именување донесува Собранието на АФМ.

Дисциплисnкиот судија не може за време на траењето на мандатот да обавува ниту една извршна или надзорна функција на натпревари соодветни на рангот и гранката на спортот за кои ја обавуваа функцијата дисциплински судија.

### Член 12

Дисциплинската комисија на АФМ работи по Деловникот за работа на У.О. и стручните комисии на АФМ.

### Член 13

Дисциплинските судии и Дисциплинската комисија за авто и картинг спорт на АФМ одлучува само за дисциплински престапи сторени на државни и меѓународни натпревари или во врска со тие натпревари.

### Член 14

Дисциплинските органи се независни во својата работа и одлуките ги донесуваат врз основа на утврдената состојба и факти, а во согласност со одредбите на овој Правилник, Општиот Правилник за авто и картинг спорт на АФМ, посебните правилници и додатоци кои ги донесуваат стручните комисии, како и меѓународните спортски правилници.

## III. БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

### Член 15

Барање за поведување дисциплинска постапка против натпреварувачи, пилоти и спротски функционери до дисциплинскиот судија можат да поднесат:

- спортските форуми (комисии) и извршните органи на АФМ;
- жири на натпреварот;
- делегати на натпреварот;
- извршни функционери на натпреварот;
- натпреварувачи и возачи-учесници на натпреварот.
-

### Член 16

Барање за поведување на дисциплинска постапка против организатори на натпревари, организација АФМ-АК/АКК и други правни лица до дисциплинскиот судија може да поднесат:

- спортските форуми и извршните органи на АК/АКК и АФМ;
- жири на натпреварот;
- делегати на натпреварот.

**Член 17**

Барање за поведување на дисциплинска постапка мора да биде поднесено во рок од 5 дена од денот на сознанието за сторениот престап.

Барањето поднесено во име на правно лице мора да биде заверено со печат и штембил од правното лице или мора да биде приложено полномошно од правното лице издадено за поднесување на барање за покренување на дисциплинска постапка и прецизирано за кој дисциплински престап.

**Член 18**

Барањето за покренување на дисциплинска постапка мора да биде јасно формулирано, образложено, документирано, и во него мора точно да биде назначено против кој се бара покренување на дисциплинска постапка и за кој дисциплински престап и спортска дисциплина.

**Член 19**

Ненавремeното, неоснованото, нејасното, необразложеното и недокументираното барање, како и барање поднесено од неовластено лице дисциплинскиот судија со решение (одлука) ќе го отфрли како неосновано.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 20**

По приемот на Барањето за поведување на дисциплинска постапка, дисциплинскиот судија, доколку не донесе решение за водење на дисциплинска постапка, донесува решение за поведување дисциплинска постапка и одлучува за изрекување суспензија во одредена, или во сите дисциплини.

Против одлуката за суспензија не е дозволена посебна жалба.

**Член 21**

Дисциплинскиот судија ќе изрече суспензија секогаш кога ќе оцени дека тоа е потребно поради несметано водење на дисциплинската постапка за нормално одвивање на системот на натпреварување, а наодите во барањето за покренување на постапка за тоа даваат основ.

**Член 22**

Дисциплинскиот судија е должен за покренувањето на дисциплинската постапка да одлучи најитно, а за евентуално изрекување на суспензија во рок од 8 дена од приемот на барањето.

**Член 23**

Дисциплиснкиот судија кој по приемот на барањето изрекол суспензија должен е во рок од 30 дена од денот на изрекување на суспензијата да одлучи за покренување на дисциплинска постапка или за престанок на суспензијата. По изминување на овој рок суспензијата престанува, а дисциплинската постапка за утврдување на одговорноста продолжува.

**Член 24**

Времето поминато под суспензија се пресметува целосно во времетраењето на казната, во колку е изречена мерка во временски период, а во случај на изрекување на мерка забрана за учество и вршење на функции на одреден број на натпревари и во одредени дисциплини, во изречената мерка се сметаат само бројот на натпревари во дисциплината кои се одржале за време на суспензијата.

**Член 25**

По донесување на решението за водење на дисциплинска постапка, дисциплинскиот судија доставува примерок од барањето со прилози за лицето кое е покрената постапка и го покажува лично пред дисциплинскиот судија или писмено со изјава да се изјасни за наодите во барањето и евентуално за дисциплинскиот престап.

**Член 26**

Дисциплинскиот судија е должен на лицето против кого покренал постапка да му остави потребен рок за изјаснување. По истекот на овој рок дисциплинскиот судија ги изведува другите докази нужни за утврдување на постпење или непостоење на дисциплински престап, при што донесува одлука по барањето за покренување на дисциплинска постапка.

**Член 27**

Сите спортски форуми и извршни органи на АК, АКК и АФМ, спортски функционери, натпреварвачи и пилоти, должни се да се јават на поканата на дисциплинските судии, да им дадат помош во утврдување на фактите во дисциплинската постапка која ја покренал и да ги достави бараните документи и изјави. Во спротивно и самите подлежат на дисциплинска одговорност.

**Член 28**

Во колку до истекот на мандатот на дисциплинскиот судија постапката не биде завршена, дисциплинскиот судија постапката ќе ја заврши и по истекот на мандатот.

## V. ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ

**Член 29**

Дисциплинскиот судија по завршување на доказната постапка, ги оценува доказите по свое слободно уверување, а одлуката ја донесува врз основа на утврдените докази и не е врзан за квалификацијата дадена во барањето за утврдување на дисциплинскиот престап.

**Член 30**

Дисциплинскиот судија со решение ќе ја запре дисциплинската постапка, во колку утврди дека престапот не е сторен или нема доказ за неговото извршување.

**Член 31**

Кога ќе утврди постоење на дисциплинска одговорност и дека дисциплинскиот престап е извршен од лице против кое постапката е повредена, дисциплинскиот судија ова лице го прогласува за одговорно и му изрекува дисциплинска мерка.

Дисциплинскиот судија при изрекување на дисциплинската мерка може да ја укине суспензијата, доколку таа била изречена, или да изрече суспензија доколку не била изречена при покренување на постапката. Траењето на вака изречената суспензија не е ограничена со рокот од член 23 од овој Правилник.

**Член 32**

Дисциплински мерки за натпреварувачи, пилоти, спортски функционери и други физички лица се:

- писмен јавен укор;
- парична казна;

- парична казна и бришење на пласман;
- забрана за учество и вршење на функции на сите или одредени натпревари во одреден временски период;
- парична казна и забрана , за учество на натпревари или настани кои не се од календарот на АФМ.
- доживотна забрана за учество и вршење на функција на сите натпревари - дисквалификација и парична казна како споредна.

**Член 33**

Дисциплински мерки за натпреварувачи, организатори на натпревари, АК/АКК и други правни лица се:

- парична казна;
- забрана за организирање или учество на одредени или сите натпревари; во одреден временски период, а во одредени случаи и парична казна како споредна казна.

**Член 34**

1. Парична казна се изрекува на натпреварувачи, пилоти, спортски функционери и други физички лица за:

а) повреда на одредбите на правилникот и престапи кои немаат озбилна последица на самиот тек на натпреварот како и кршење на правилата за спортско однесување.

б) ако во тек или по завршување на натпреварот се утврди неисправност на сигурносната опрема на возилото (рол бар, противпожарен апарат, сигурносен појас, прекинувач за струја, сигурносно копче за хауба, кука и сл.) недостаток или неисправност на опремата на возилото (внатрешен тапацир, патосници, заштитник за сонце, полици, пластични заштитници над тркалата, ракохват) резервно тркало, алат дигалка и сл.) пречекорување на дозволеното ниво на врева, неправилно користење на сигурносна опрема за пилоти (кацига, возачки комбинизон, ракавици, длабоки патики, чизми и сл.) недостаток на ознаки на возилото и слично.

Оваа парична казна на самиот натпревар ја изрекува жирито на натпреварот на предлог на извршните функционери и делегатот (тите). Казната се плаќа во рок од 5 дена на жиро сметка на АФМ.

На вака изречената казна дозволена е жалба до соодветната стручна комисија на АФМ, но приложената жалба не го одложува извршувањето на казната (пролонгирање на рокот на плаќање на казната).

За изречената казна претседателот на жирито ја известува стручната служба на АФМ која води евиденција за овие казни.

2. Парична казна и бришење на пласман од тој натпревар се изрекува на вопилотите (натпреварувачите кои учествуваат на натпреварите со возила на кои според наодот (извештајот) на делегатот на Техничката комисија на АФМ се извршени недозволени преправки од поблаг обем.

Оваа парична казна на самиот натпревар ја изрекува жирито на натпреварот на предлог на извршените функционери и делегатот. Казната се плаќа во рок од 5 дена на жиро сметка на АФМ. На вака изречената казна дозволена е жалба до соодветната стручна комисија на АФМ, но вложената жалба не го одложува, извршувањето на казната.

За изречената казна претседателот на жирито ја известува стручната служба на АФМ која води евиденција за овие казни.

**Член 35**

Парична казна се изрекува организаторите на натпреварот АК/АКК и други правни лица за:

- неодржување на натпреварот запишан во календарот(по исклучок ако се работи од причина на виша сила) бојкот на натпреварот, заверка на натпреварувачки пријави за возила на кои се утврдува недозволена преправка, неизвршување на превземените материјални обврски во врска со натпреварот, невистинито прикажување на настаните во јавноста, а особено преку средствата за јавно информирање и други недостатоци во организација на натпреварот кои можеле да влиаат или влиаеле на регуларноста на натпреварот, како и за инцидентите сторени на натпреварите со намера да се погодува (повреди - омаловажи) одредено АК/АКК, а не се предвидени и понатамошните одредби за казнување.

**Член 36**

Парична казна како споредна се изрекува на: натпреварувачите, пилотите, спортските функционери, организатори на натпревари и други правни и физички лица, покрај изречените мерки за престапи од член 39 и 40 од овој Правилник,

Доколку натпреварувачите, пилотите, спортските функционери, организатори на натпревари и други правни и физички лица не ја извршат уплатата во дадениот рок за АК/АКК у;еството на натпреварите ;е биде забрането во сите дисциплине од авто и картинг спортот.

**Член 37**

Директорот на натпревар, неговиот заменик и жирито може да изрекуваат парична казна во висина од 50 до 1000 евра на лице-место зависно од направениот прекршок и недисциплина.

Висината на паричната казна за направени дисциплински пркршоци на правилниците и Статутот на АФМ ја одредува дисциплинскиот судија или со посебна одлука УО на АФМ.

Изречената парична казна се уплатува на жиро сметка на АФМ , во рок од пет дена од денот на извршноста правосилноста, неуплатувањето на казната повлекува дисциплинска одговорност од член 38 став 2 од овој Правилник. Барање за покривање на дисциплинска постапка поднесува претседателот за спорт или претседателот на стручната комисија од дисциплината на АФМ.

**Член 38**

Забрана за учествување и вршење на функции на натпревари се изрекува на: натпреварувачи, пилоти, спортски функционери и други физички лица во траење:

1. **До 3 месеци или до 3 натпревари за:**

- за неспортско однесување, приговарање, карање и пцости, одбивање да се извршат наредбите на извршните функционери, заканување со физички напад, учество на натпревар со возило на кое според наодот на техничка комисија е извршена недозволена преправка од помал обем и сл.

2. **Од 3 до 6 месеци или 3 до 6 натпревари за:**

- демонстративно напуштање на натпреварот, прифаќање на наговор (заговор) за бојкот на натамошното натпреварување, настапување на натпревар без одобрение или без исполнување на потребните услови, учество на натпревар со возило на кое според наодот на техничка комисија, се извршени недозволени преправки од среден обем, намерно кршење на одредбите од спортските правилници, давање на лажни податоци, неправилно изведување на натпреварувачките елементи, намерно сметање (попречување) на другите натпреварувачи (возачи) на патеката, пристрасност и необјективност во работата, учество без соодветна дозвола на натпревар или настани кои не се впишани во

календарот на АФМ, невистинито прикажување на настаните во јавноста, а особено преку средствата за јавно информирање, неисполнување на материјалните обврски, одбивање на настап за екипата на репрезентацијата, прикривање на други престапници, напуштање на функцијата за време на натпреварот (или 24 часа пред натпреварот).

3. **Од 6 до 12 месеци или од 6 до 12 натпревари за:**

- физички напад, погубно возење на натпревар, неспортско однесување на натпреварот во странство, навредување и клеветење на спортски форуми (комисии), функционери, физичка пресметка, груба повреда на спортските правилници која има за последици (цел) за попречување и сметање за нормално изведување на натпреварот. Грешка во работата на спортските функционери кои директно влиаат на пласманот на натпреварот, наговор на натпреварувачите и функционерите на организиран бојкот за натамошно натпреварување, учество на натпревар со возило на кое спрема наодот од техничката комисија се извршени недозволени преправки од поголем обем или оневозможување на преглед на возилото по даден приговор или барање на техничкиот делегат на АФМ, настап на натпревар и вршење на функции за време на суспензија или траење на казна или дисциплинска мерка, подмитување или примање на мито од страна на натпреварувачите или спортските функционери, местење на пласманот на натпреварувачите, повреда на правилникот во врска со преодниот рок, фалсификување на документи на натпревар (лиценца, здравствен картон, полиса, записник, патни книги, нивна промена и слично), лажно сведочење во дисциплинска постапка, со своите постапки и однесување нанесува штета на авто-мото и картинг спортот и прекршоци од член 28 од овој Правилник и сл.

4. **Од 12 до 24 месеци или од 12 до 24 натпревари за:**

- физичка пресметка, физички напад на извршен функционер и делегат на натпреварот, погубно возење на натпреварот кое има за последица незгода на натпреварот, повреда на спортските правилници со последица прекин на натпреварот, грешка во работата на извршните функционери со последица-прекин на натпреварот, физичка пресметка на натпревар во странство, физичка пресметка на натпревар во странство кое штети на реномето на АФМ, организирање на бојкот на натпреварот или седница на спортските форуми (комисија), настапување или организирање на настап на натпреварувачи во странство без дозвола на органите на АфМ и сл.

**Член 39**

Забрана на организирање или учествување на натпревари се изрекува на организаторите на натпревари и други правни лица во траење:

1. **до 12 месеци за:**

- прифаќање, пријавување на натпревар натпреварувачи и пилоти кои немаат потребни одобренија или кои се суспендирани или им тече забрана за настап, неисполнување на материјални обврски по одлуки на органи на АФМ и жирито и делегатот на техничката комисија на натпреварот, повреда на спортските правилници, која има за последица изведување на натпреварот под различни услови за поодделни натпреварувачи или слично.

2. од 12 до 36 месеци за:
- повреда на спортските правилници кои придонеле и предизвикале последица за нерегуларно одвивање, прекин или откажување на натпреварот, грешка за време на натпреварот со последица незгода на патека, слабо обезбедување на публика и пилотите и сл.

**Член 40**

Дисквалификација се изрекува на натпреварувачите, пилотите, спортските функционери и други физички лица за:
- тешки повреди на одредбите од спортските правилници кои предизвикале тешки незгоди на натпреварот, упорно одбивање на извршување на дадените наредби од извршните функционери, по што дошло до незгода на натпреварот со потешки последици, или слично.

Оваа мерка може да биде изречена на натпреварувачите, пилотите, спортските функционери и други физички лица и во случај на повеќекратно повторување на груби дисциплински престапи од член 39 од овој Правилник.

**Член 41**

Доколку повреда на спортските правилници направи странско лице на меѓународен натпревар во Македонија, дисциплинска мерка ќе се изрече како да е во прашање домашно лице, а за тоа ќе се извести ASN односно FIA (националните асоцијации) на лицето кое го сторило дисциплинскиот престап.

Доколку повреда на спортските правилници, во картинг натпреварите, направи лице на кое не може да се изрече дисциплинска мерка, или примената на мерката е нецелисходна, дисциплинскиот судија може да изрече дисциплинска мерка на АК/АКК во чија корист е направена (сторена) повредата.

За недозволени преправки на картингот, дисциплинскиот судија може, покрај предвидените дисциплински мерки од правилникот да изрече и парична казна на родителите, механичарите, АК/АКК и други правни и физички лица, кој може во каков и да било облик да се поврзат со сторената повреда, што дисциплинскиот судија ќе оцени во смисол на член 30 од Посебниот правилник за дисциплинска одговорност.

**Член 42**

При одредување на дисциплинската мерка (казна) на извршителот на престапот, се земат во предвид сите околности кои влијаат на висината на мерката-казната, како олеснителни така и отежнувачки, а особено ќе се ценат предизвиканите последици, степен на одговорноста на извршителот, побуди и начин на кои престапот е сторен, моралните особини на извршителот, ставот и однесувањето на извршителот пред и после сторениот престап и за време на водење на дисциплинската постапка.

**Член 43**

Во случај на извршување на повеќе престапи, претходно се утврдува висината за секој престап, а потоа се изрекува единствена дисциплинска мерка - казна. Казната не може да биде помала од просечната или двојно поголема за најтешко утврдената мерка-казна.

**Член 44**

Времето на траење на дисциплинската мерка-казна мора да биде назначено во решението (дата на почетокот и завршетокот) како и рангот и дисциплината во авто-мото и картинг спортот на која забраната за настап се однесува.

Дисциплински мерки во временски период (месеци) не може да се изрекуваат ако поголемиот дел (2/3) треба да протечат надвор од сезоната.

Дисциплинската мерка во број на натпревари и временски период може да се изрече за Шампионат на Македонија.

Куп на Македонија и меѓународни натпревари и тоа по гранки и дисциплини или во сите гранки или дисциплини во авто и картинг спортот зависно од тежината на дисциплинскиот престап. За прекршоци (престапи) од член 39 точка 1. и член 41 во принцип (најчесто) се изрекува забрана за сите степени на натпревари и за сите дисциплини во авто и картинг спортот.

Доколку е утврден прекршокот на учество со возило на кое се извршени недозволени преправки, дисциплинската мерка (казна) се изрекува само за степенот на натпревари во дисциплината во која е направен прекршокот.

**Член 45**

Доколку е изречена мерка забрана за учестрво или вршење на функција на одреден број натпреварувачи, во дисциплинската мерка ќе се сметаат само натпреварите за степенот (рангот), гранката и дисциплината за која е изречена дисциплинската мерка.

**Член 46**

Бришење на резултатите од натпреварот на кој или во врска со кој е извршен дисциплинскиот престап се врши секогаш кога на натпреварувачот или возачот му се изрекува дисциплинска мерка - казна од член 39 и 41 и член 35 точка 2 од овој Правилник.

Натпреварот на кој натпреварувачот, пилотот или спортскиот функционер е исклучен или поради кој е водена дисциплинска постапка нема да се смета во бројот на натпревари на кој се однесува изречената дисциплинска мерка-казна за забрана на учество или вршење функција на натпревари.

**Член 47**

Ако во постапката за утврдување на дисциплинска мерка-казна се утврди дека дејствијата не предизвикале потешки последици и дека постојат олеснителни околности, кој укажува дека и само со мерка опомена и закана може да се постигне целта со изрекување на дисциплинска мерка, може на извршителот на престапот да му се изрече условна мерка - казна.

Изрекувањето на условната мерка-казна на сторителот се утврдува со Решение во кое се одредува времето и се укажува дека таа нема да се изврши под услов сторителот во определениот рок (период) нема да изврши нов престап.

Условната мерка-казна не може да биде пократка од 3 месеци ниту подолга од 12 месеци од денот на извршување на престапот.

Условната мерка-казна не може да се изрече за извршителот за кој се утврдило дека е одговорен за дисциплински престап од член 39 точка 3 и 4, член 40 став 2 и член 41 од овој Правилник.

## VI. ТРОШОЦИ ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 48**

Трошоците за дисциплинската постапка до нејзино завршување се подмируваат од средствата на АФМ, кој дисциплински судија ја води постапката (авто-картинг).

За трошоците настанати во дисциплинската постапка, дисциплинскиот судија води евиденција.

**Член 49**

При одлучување за изрекување на казна, дисциплинскиот судија во Одлуката со која изрекува дисциплинска мерка-казна. Казнетото лице ќе го задолжи да ги надомести трошоците за постапката и да плати такса за водење на постапката.

## VII. ЖАЛБА И ВОНРЕДНО УБЛАЖУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ

### Член 50

Против одлуката за изрекување на дисциплинска мерка може да се поднесе жалба до надлежниот второстепен орган.

Во случај кога одлуката на второстепениот дисциплински орган е изречена или потврдена мерката дисквалификација, може да се вложи жалба до Управниот Одбор на АФМ.

Жалба може да поднесе и овластено лице, на кое е изречена дисциплинска мерка на неговиот АК/АКК и подносителот на барањето за утврдување на дисциплинска одговорност.

Жалбите мора да бидат поднесени во рок од 8 дена од приемот на одлуката, мораат да бидат јасно формулирани, образложени и документирани.

Со доставување на жалбата се плаќа такса за нејзино разгледување.

### Член 51

Сите жалби мора да бидат решени од страна на второстепениот орган во рок од 21 ден од денот на приемот.

### Член 52

Со посебна одлука на У.О. на АФМ, секоја година ќе се пропишува висината на таксата за поднесување на жалба во дисциплинска постапка.

Таксата се уплатува на жиро сметка или на благајна на АФМ во фондот за развој на спортот.

### Член 53

Управниот Одбор на АФМ како највисок орган во спортската власт, може вонредно да ги ублажи изречените дисциплински мерки-казни.

Вонредното ублажување на дисциплинските мерки-казни се извршуват по молба на казнетиот натпреварувач, пилот, спортски функционер односно казнетото лице или на предлог на спортските форуми на АФМ и група на АК/АКК ако за тоа постојат нарочито важни причини и околности кое ваквото ублажување на казната го оправдуваат.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 54

Измени и дополнување на овој Правилник се вршат по иста постапка која важи и за негово донесување, од страна на Управниот Одбор на Автомобилистичката федерација на Македонија.

### Член 55

Овој Правилник стапува во сила по осум дена од денот на неговото усвојување и важи за натпреварувачката сезона 2021

Автомобилистичка федерација
на Македонија
претседател за спорт
с/р Ранко Станојковски